Врз основа на член 7 став 1 од Законот за рестриктивни мерки („Службен весник на Република Македонија" бр. 190/17), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 4 мај 2021 година, донесе

# ОДЛУКА
## за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2020/1537 на Советот од 22 октомври 2020 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2019/797 за рестриктивни мерки против сајбер напади кои претставуваат закана за Унијата или нејзините земји членки

### Член 1

Со оваа одлука се воведуваат рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2020/1537 на Советот од 22 октомври 2020 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2019/797 за рестриктивни мерки против сајбер напади кои претставуваат закана за Унијата или нејзините земји членки.

### Член 2

Оваа одлука се однесува на следните видови рестриктивни мерки:

- ембарго на стоки и услуги;
- финансиски мерки;
- забрана за влез во Република Северна Македонија;
- други рестриктивни мерки согласно меѓународното право.

### Член 3

Се определуваат Министерството за внатрешни работи, Министерството за економија, Министерството за надворешни работи, Министерството за транспорт и врски и Министерството за финансии - Управата за финансиско разузнавање за надлежни органи за спроведување на рестриктивните мерки.

### Член 4

Одлуката (ЗНБП) 2020/1537 на Советот од 22 октомври 2020 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2019/797 за рестриктивни мерки против сајбер напади кои претставуваат закана за Унијата или нејзините земји членки во оригинал на англиски и во превод на македонски јазик е дадена во прилог и е составен дел на оваа одлука.

Член 5

Рестриктивните мерки против сајбер напади кои претставуваат закана за Унијата или нејзините земји членки се воведуваат на неопределено време.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 40-4696/1
4 мај 2021 година
Скопје

**ПРВ ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Artan Grubi**

# DECISIONS

## COUNCIL DECISION (CFSP) 2020/1537

### of 22 October 2020

### amending Decision (CFSP) 2019/797 concerning restrictive measures against cyber-attacks threatening the Union or its Member States

THE COUNCIL OF THE EUROPEAN UNION,

Having regard to the Treaty on European Union, and in particular Article 29 thereof,

Having regard to the proposal from the High Representative of the Union for Foreign Affairs and Security Policy,

Whereas:

(1) On 17 May 2019 the Council adopted Decision (CFSP) 2019/797 (1).

(2) Targeted restrictive measures against cyber-attacks with a significant effect which constitute an external threat to the Union or its Member States are among the measures included in the Union's framework for a joint diplomatic response to malicious cyber activities (the cyber diplomacy toolbox) and are a vital instrument to deter and respond to such activities.

(3) In order to prevent, discourage, deter and respond to continuing and increasing malicious behaviour in cyberspace, two natural persons and one body should be included in the list of natural and legal persons, entities and bodies subject to restrictive measures set out in the Annex to Decision (CFSP) 2019/797. Those persons and that body are responsible for or were involved in cyber-attacks with a significant effect which constitute an external threat to the Union or its Member States, in particular the cyber-attack against the German federal parliament (Deutscher Bundestag) which took place in April and May 2015.

(4) Decision (CFSP) 2019/797 should therefore be amended accordingly,

HAS ADOPTED THIS DECISION:

*Article 1*

The Annex to Decision (CFSP) 2019/797 is amended in accordance with the Annex to this Decision.

*Article 2*

This Decision shall enter into force on the date of its publication in the *Official Journal of the European Union*.

Done at Brussels, 22 October 2020.

*For the Council*

*The President*

M. ROTH

(1) Council Decision (CFSP) 2019/797 of 17 May 2019 concerning restrictive measures against cyber-attacks threatening the Union or its Member States (OJ L 129 I, 17.5.2019, p. 13).

ANNEX

The following entries are added to the list of natural and legal persons, entities and bodies set out in the Annex to Decision (CFSP) 2019/797:

A. Natural persons

| | Name | Identifying information | Reasons | Date of listing |
|---|---|---|---|---|
| '7. | Dmitry Sergeyevich BADIN | Дмитрий Сергеевич БАДИН<br>Date of birth: 15 November 1990<br>Place of birth: Kursk, Russian SFSR (now Russian Federation)<br>Nationality: Russian<br>Gender: male | Dmitry Badin took part in a cyber-attack with a significant effect against the German federal parliament (Deutscher Bundestag).<br>As a military intelligence officer of the 85th Main Centre for Special Services (GTsSS) of the Main Directorate of the General Staff of the Armed Forces of the Russian Federation (GU/GRU), Dmitry Badin was part of a team of Russian military intelligence officers which conducted a cyber-attack against the German federal parliament (Deutscher Bundestag) in April and May 2015. This cyber-attack targeted the parliament's information system and affected its operation for several days. A significant amount of data was stolen and the email accounts of several MPs as well as of Chancellor Angela Merkel were affected. | 22.10.2020 |
| 8. | Igor Olegovich KOSTYUKOV | Игорь Олегович КОСТЮКОВ<br>Date of birth: 21 February 1961<br>Nationality: Russian<br>Gender: male | Igor Kostyukov is the current Head of the Main Directorate of the General Staff of the Armed Forces of the Russian Federation (GU/GRU), where he previously served as First Deputy Head. One of the units under his command is the 85th Main Centre for Special Services (GTsSS), also known as "military unit 26165" (industry nicknames: "APT28", "Fancy Bear", "Sofacy Group", "Pawn Storm" and "Strontium").<br>In this capacity, Igor Kostyukov is responsible for cyber-attacks carried out by the GTsSS, including those with a significant effect constituting an external threat to the Union or its Member States.<br>In particular military intelligence officers of the GTsSS took part in the cyber-attack against the German federal parliament (Deutscher Bundestag) which took place in April and May 2015 and the attempted cyber-attack aimed at hacking into the Wi-Fi network of the Organisation for the Prohibition of Chemical Weapons (OPCW) in the Netherlands in April 2018.<br>The cyber-attack against the German federal parliament targeted the parliament's information system and affected its operation for several days. A significant amount of data was stolen and email accounts of several MPs as well as of Chancellor Angela Merkel were affected. | 22.10.2020' |

B. Legal persons, entities and bodies

| | Name | Identifying information | Reasons | Date of listing |
|---|---|---|---|---|
| '4. | 85th Main Centre for Special Services (GTsSS) of the Main Directorate of the General Staff of the Armed Forces of the Russian Federation (GU/GRU) | Address: Komsomol'skiy Prospekt, 20, Moscow, 119146, Russian Federation | The 85th Main Centre for Special Services (GTsSS) of the Main Directorate of the General Staff of the Armed Forces of the Russian Federation (GU/GRU), also known as "military unit 26165" (industry nicknames: "APT28", "Fancy Bear", "Sofacy Group", "Pawn Storm" and "Strontium"), is responsible for cyber-attacks with a significant effect constituting an external threat to the Union or its Member States.<br>In particular, military intelligence officers of the GTsSS took part in the cyber-attack against the German federal parliament (Deutscher Bundestag) which took place in April and May 2015 and the attempted cyber-attack aimed at hacking into the Wi-Fi network of the Organisation for the Prohibition of Chemical Weapons (OPCW) in the Netherlands in April 2018.<br>The cyber-attack against the German federal parliament targeted the parliament's information system and affected its operation for several days. A significant amount of data was stolen and email accounts of several MPs as well as of Chancellor Angela Merkel were affected. | 22.10.2020' |

32020D1537; преведувач: Ангела Николова, датум: 17.2.2021 година. Јазичен ревизор: Ана Наќева; датум: 18.2.2021 година. Лектор: Емилија Величкова; датум: 20.2.2021 година. Агенција за превод: Академија ЦЕС

# ОДЛУКА (ЗНБП) 2020/1537 НА СОВЕТОТ

**од 22 октомври 2020 година**

**за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2019/797 за рестриктивни мерки против сајбер напади кои претставуваат закана за Унијата или нејзините земји членки**

СОВЕТОТ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА,

имајќи го предвид Договорот за Европската Унија, а особено член 29 од истиот,

имајќи го предвид предлогот на Високиот претставник на Унијата за надворешни работи и безбедносна политика,

со оглед на тоа што:

(1) На 17 мај 2019 година Советот ја донесе Одлуката (ЗНБП) 2019/797 ([1]).

(2) Насочените рестриктивни мерки против сајбер напади со значително влијание, што претставуваат надворешна закана за Унијата или нејзините земји членки, се меѓу мерките вклучени во рамката на Унијата за заеднички дипломатски одговор против злонамерни сајбер активности (инструменти на сајбер дипломатија) и се клучен инструмент за сузбивање и одговор на таквите активности.

(3) Со цел да се спречи, обесхрабри, да се сузбие и да се одговори на континуираното и растечко злонамерно однесување во сајбер просторот, две физички лица и едно тело треба да бидат вклучени во списокот на физички и правни лица, субјекти и тела кои подлежат на рестриктивните мерки утврдени во Анексот кон Одлуката (ЗНБП) 2019/797. Овие лица и тоа тело се одговорни или вклучени во сајбер напади со значително влијание, што претставуваат надворешна закана за Унијата или нејзините земји членки, особено за сајбер нападот врз германскиот Федерален парламент (Германски Бундестаг) во април и мај 2015 година.

(4) Затоа, Одлуката (ЗНБП) 2019/797 треба соодветно да се измени,

ЈА ДОНЕСЕ ОВАА ОДЛУКА:

*Член 1*

Анексот кон Одлуката (ЗНБП) 2019/797 се изменува во согласност со Анексот кон оваа одлука.

*Член 2*

Оваа одлука влегува во сила на денот на нејзиното објавување во *Службениот весник на Европската Унија*.

Брисел, 22 октомври 2020 година.

За Советот

---

[1]Одлука (ЗНБП) 2019/797 на Советот од 17 мај 2019 година за рестриктивни мерки против сајбер напади кои ја загрозуваат Унијата или нејзините земји членки (Сл. весник L 129, 17.5.2019 година, стр. 13).

32020D1537; преведувач: Ангела Николова, датум: 17.2.2021 година. Јазичен ревизор: Ана Наќева; датум: 18.2.2021 година. Лектор: Емилија Величкова; датум: 20.2.2021 година. Агенција за превод: Академија ЦЕС

Претседател

М. Рот

# АНЕКС

Следните внесови се додадени во списокот на физички и правни лица, субјекти и тела утврден во Анексот кон Одлуката (ЗНБП) 2019/797:

## А. ФИЗИЧКИ ЛИЦА

| | Име | Информации за идентификација | Причини | Датум на внесување во список |
|---|---|---|---|---|
| 7. | Dmitry Sergeyevich BADIN | Дмитрий Сергеевич БАДИН<br>Датум на раѓање: 15 ноември 1990 година<br>Место на раѓање: Kursk, Russian SFSR (now Russian Federation)<br>Државјанство: на Русија<br>Пол: машки | Dmitry Badin учествувал во сајбер напад со значително влијание врз Германскиот федерален парламент (Германски Бундестаг).<br>Како воен разузнавач на 85-от Главен центар за специјални служби (ГТсСС) на Главниот директорат на Генералштабот на руските вооружени сили (ГУ/ГРУ), Dmitry Badin бил дел од тим руски воени разузнавачи кои извршиле сајбер напад врз Германскиот федерален парламент (Германски Бундестаг) во април и мај 2015 година. Овој сајбер напад бил насочен кон информацискиот систем на Парламентот и неколку дена влијаел на неговото функционирање. Украдена е значителна количина на податоци и засегнати биле електронските пошти на неколку членови на парламентот, како и електронската пошта на канцеларката Ангела Меркел. | 22.10.2020 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 8. | Igor Olegovich KOSTYUKOV | Игорь Олегович КОСТЮКОВ<br><br>Датум на раѓање: 21 февруари 1961 година Државјанство: на Русија Пол: машки | Igor Kostyukov е сегашен началник на Главниот директорат на Генералштабот на вооружените сили на Руската Федерација (ГУ/ГРУ), каде што претходно работел како прв заменик началник. Меѓу единиците под негова команда е 85. Главен центар за специјални служби (ГТсСС), исто така, познат како „воена единица 26165“ (секторски прекари: „АРТ28“, „Fancy Bear“, „Sofacy Group“, „Pawn Storm“ и „Strontium“).<br><br>Во тоа својство, Igor Kostyukov е одговорен за сајбер напади извршени од ГТсСС, вклучително и сајбер нападите со значително влијание, што претставуваат надворешна закана за Унијата или нејзините земји членки.<br><br>Особено, офицерите на воената разузнавачка служба ГТсСС учествувале во сајбер нападот врз Германскиот федерален парламент (Германски Бундестаг) во април и мај 2015 година и обидот за сајбер напад, со цел онеспособување на безжичната мрежа на Организацијата за забрана на хемиско оружје (ОПЦВ) во Холандија во април 2018 година.<br><br>Сајбер нападот врз Германскиот федерален парламент бил насочен кон информацискиот систем на Парламентот и неколку дена влијаел на неговото функционирање. Украдена е значителна количина на податоци и засегнати биле електронските пошти на неколку членови на парламентот, како и електронската пошта на канцеларката Ангела Меркел. | 22.10.2020 |

Б. Правни лица, субјекти и тела

| | Име | Информации за идентификација | Причини | Датум на внесување во список |
|---|---|---|---|---|
| „4. | 85th Main Centre for Special Services (GTsSS) of the Main Directorate of the General Staff of the Armed Forces of the Russian Federation (GU/GRU) | Адреса: Komsomol'skiy Prospekt, 20, Moscow, 119146, Russian Federation | 85th Main Centre for Special Services (GTsSS) of the Main Directorate of the General Staff of the Armed Forces of the Russian Federation (GU/GRU) (85. Главен центар за специјални служби (ГТсСС) на Главниот директорат на Генералштабот на руските вооружени сили (ГУ/ГРУ)), исто така познат како military unit 26165 („воена единица 26165“) (секторски прекари: “APT28”, “Fancy Bear”, “Sofacy Group”, “Pawn Storm” и “Strontium”), е одговорен за сајбер напади со значително влијание, што претставуваат надворешна закана за Унијата или нејзините земји членки.<br><br>Особено, офицерите на воената разузнавачка служба ГТсСС учествувале во сајбер нападот врз Германскиот федерален парламент (Германски Бундестаг) во април и мај 2015 година и обидот за сајбер напад со цел хакирање на безжичната мрежа на Организацијата за забрана на хемиско оружје (ОПЦВ) во Холандија во април 2018 година.<br><br>Сајбер нападот врз Германскиот федерален парламент бил насочен кон информацискиот систем на Парламентот и неколку дена влијаел на неговото функционирање. Украдена е значителна количина на податоци и засегнати биле електронските пошти на неколку членови на парламентот, како и електронската пошта на канцеларката Ангела Меркел. | 22.10.2020 |

32020D1537; преведувач: Ангела Николова, датум: 17.2.2021 година. Јазичен ревизор: Ана Наќева; датум: 18.2.2021 година. Лектор: Емилија Величкова; датум: 20.2.2021 година. Агенција за превод: Академија ЦЕС

## ОБРАЗЕЦ Бр. 1 Поимник на термини и изрази

| | |
|---|---|
| **CELEX број** | 32020D1537 |
| **Наслов на документот (АНГ)** | COUNCIL DECISION (CFSP) 2020/1537<br>of 22 October 2020<br>amending Decision (CFSP) 2019/797 concerning restrictive measures against cyber-attacks threatening the Union or its Member States |
| **Наслов на документот (МАК)** | ОДЛУКА (ЗНБП) 2020/1537 НА СОВЕТОТ<br>од 22 октомври 2020 година<br>За изменување на Одлуката (ЗНБП) 2019/797 за рестриктивни мерки против сајбер напади кои ја загрозуваат Унијата или нејзините земји членки |

| | |
|---|---|
| **Област на примена** | Common foreign and security policy |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Агенција за превод** | | Академија ЦЕС | **Преведувач** | Ангела Николова | |
| **Тел** | 02/3232510 | **e-mail** | ces.translations@gmail.com | **Датум** | 17.2.2021 |

| **Место на зборот во текстот(член, став, точка, прилог ...)** | **Изворен збор(АНГ)** | **Превод (МАК)** | **Забелешка / Коментар** | **Извор на преводот (користен речник / Евровок, ИАТЕ и др.)** |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |

32020D1537; преведувач: Ангела Николова, датум: 17.2.2021 година. Јазичен ревизор: Ана Наќева; датум: 18.2.2021 година. Лектор: Емилија Величкова; датум: 20.2.2021 година. Агенција за превод: Академија ЦЕС

| | | | | |
|---|---|---|---|---|

32020D1537; преведувач: Ангела Николова, датум: 17.2.2021 година. Јазичен ревизор: Ана Наќева; датум: 18.2.2021 година. Лектор: Емилија Величкова; датум: 20.2.2021 година. Агенција за превод: Академија ЦЕС

**ОБРАЗЕЦ Бр. 2**

# Поимник на термини и изрази од јазична ревизија на преводот

| | |
|---|---|
| **CELEX број** | 32020D1537 |
| **Наслов на документот (АНГ)** | COUNCIL DECISION (CFSP) 2020/1537of 22 October 2020amending Decision (CFSP) 2019/797 concerning restrictive measures against cyber-attacks threatening the Union or its Member States |
| **Наслов на документот (МАК)** | ОДЛУКА (ЗНБП) 2020/1537 НА СОВЕТОТ од 22 октомври 2020 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2019/797 за рестриктивни мерки против сајбер напади кои ја загрозуваат Унијата или нејзините земји членки |

| | |
|---|---|
| **Област на примена** | Common foreign and security policy |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Агенција за превод** | | Академија ЦЕС | | **Јазичен ревизор** | Ана Наќева |
| **Тел** | 02/3232510 | **e-mail** | ces.translations@gmail.com | **Датум** | 18.2.2021 |

| **Место на зборот во текстот(член, став, точка, прилог ...)** | **Оригинален термин** | **Првичен превод** | **Предлог измена** | **Извор на преводот (користен речник / Евровок, ИАТЕ и др.)** |
|---|---|---|---|---|
| наслов | cyber-attack | Сајбер напад | Сајбер напад | Согласно Правопис на македонски јазик |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |

32020D1537; преведувач: Ангела Николова, датум: 17.2.2021 година. Јазичен ревизор: Ана Наќева; датум: 18.2.2021 година. Лектор: Емилија Величкова; датум: 20.2.2021 година. Агенција за превод: Академија ЦЕС

32020D1537; преведувач: Ангела Николова, датум: 17.2.2021 година. Јазичен ревизор: Ана Наќева; датум: 18.2.2021 година. Лектор: Емилија Величкова; датум: 20.2.2021 година. Агенција за превод: Академија ЦЕС